Член 5

Превозниците за работното време на возачите водат евиденција во пишана и/или електронска форма.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01- 2905/1 | Министер |
| 19 февруари 2015 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески**, с.р. |

---

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**819.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и врз основа на член 38 став 4 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 13.2.2015 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА СУБДЕПОЗИТАРНА БАНКА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2010, 3/2012, 101/2013, 32/2014 и 101/2014) во член 8 датумот „31.12.2014” се менува со датумот „30.06.2015”.

Член 2

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот измена и дополнување на правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд („Службен весник на РМ“ бр. 194/2014) од времен карактер.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-248/1 | Комисија за хартии од вредност |
| 13 февруари 2015 година | на Република Македонија |
| Скопје | по овластување од Претседател |
| | Комисионер, |
| | **Милаим Ајдини**, с.р. |

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**820.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЦИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 23.2.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЦИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ „Брза Вода 2“ со реф. бр.94 издадена со Одлука УП1 бр. 07-206/14 од 01.12.2014 година, („Службен весник на РМ“ бр. 179/14) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| УП1 Бр. 07-206/14 | |
| 23 февруари 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Димитар Петров,** с.р. |

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**
Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЦИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценца**
23.02.2015 година

**4. Датум на важење на лиценца**
23.02.2050 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**
ЕЕ – 218.01.1/14

**6. Број на деловниот субјект** – 6747990

**7. Единствен даночен број** – 4058011511549

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Брза Вода 2“ бр. 94 на КП 317, 663,694, 864/1 I 2578 КО Ѓермо, општина Тетово.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.